**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
Су-04 број 35/21
22/02/2021 година
Неготино

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 36 став 1 од Законот за судска служба („Сл.весник“ бр.43/14...248/18), по спроведената повторна постапка по Јавниот оглас број 02/2020 под точка 1 за вработување на судски службеник на неопределено време за работно место судски соработник категорија „В“ ниво В3, 1/еден/ извршител, по доставениот Предлог на кандидат за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување Су-04 број 111/20 од 20.04.2021 година, на ден 22.04.2021 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

За работно место „**судски соработник**“ категорија „В“ ниво В3, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот

**ГОРДАНА ПЕТРОВСКА**

По правосилноста на ова одлука, за избраниот кандидат да се донесе решение за вработување.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Неготино на ден 04.11.2020 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, објави Јавен оглас број 02/2020 за вработување на неопределено време на судски службеник за работно место судски соработник категорија „В“ ниво 3В, 1/еден/ извршител, под точка 1 од огласот.

По спроведената постапка за вработување согласно член 35 став 1 од Законот за судска служба и член 20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојноста на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, до Претседателот на судот од страна на Комисијата за селекција за вработување беше доставен Предлог на кандидат за вработување, Су-04 број 111/20 од 14.12.2020 година. Врз основа на овој

Предлог беше донесена Одлука за избор Су-04 број 117/20 од 15.12.2020 година. Во постапка по жалба со решенија на Советот за судска служба ССС број 104/20 и ССС бр. 105/20 двете од 24.12.2020 година, одлуката на Претседателот на судот Су-04 бр.117/20 од 15.12.2020 година беше укината и предметот вратен на повторно постапување во фаза на административна селекција.

По добивањето на обновата на согласноста за вработување од Министерството за финансии преку Буџетски совет број 08-25/3 од 18.01.2021 година и целосно спроведената повторна постапка од фаза на административна селекција, на ден 19.02.2021 година, по Предлогот од Комисијата за селекција за вработување, Претседателот на судот донесе Одлука Су-04 број 16/21 од 23/02/2021 година, со која е избран кандидатот Гордана Петровска (мом.Ристова), со шифра 20200208, како кандидат со најголем број бодови или вкупно освоени 82,33 бодови, како најдобро рангиран кандидат на ранг листата под точка 1 од огласот.

Во постапка по жалба, со решенија на Советот на судска служба ССС број 48/21 и ССС број 49/21, двете од 16/03/2021 година, а доставени до овој суд на ден 15/04/2021 година, се укина Одлуката Су-04 број 16/21 од 23/02/2021 година.

Постапувајќи по насоките од второстепените решенија, на ден 20/04/2021 година, Комисијата за селекција при вработувањето изврши нова административна селекција, ги засмета бодовите од испитите и интервјуто од 14/12/2020 година, па врз основа на така изготвената конечна ранг листа, достави нов Предлог на кандидат за вработување до Претседателот на судот од 20/04/2021 година за кандидатот Гордана Петровска со шифра 20200208, како кандидат со најголем број бодови или вкупно освоени 82,83 бодови, како најдобро рангиран кандидат на ранг листата под точка 1 од огласот.

Постапувајќи по Предлогот на Комисијата, а по увидот во списите од спроведената повторна административна селекција од ден 20/04/2021 година од страна на Комисијата и резултатите од одржаните испити и интервју од 14/12/2020 година, Претседателот на судот утврди дека Предлогот на Комисијата е согласно член 35 став 1 од Законот за судската служба и дека предложениот кандидат е кандидатот кој според насоките од Советот на судска служба, по новата административна селекција и полагањата од 14/12/2021 година, е најдобро рангираниот кандидат.

Имено, согласно член 11 став 2 точка 1 алинеја 2 од Законот за судската служба, **стручниот судски службеник од категорија „В3“**, покрај општите услови, треба до денот на завршување на огласот да ги исполнува и следните посебни услови: најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен и **во точка 2 алинеја 3, работно искуство од најмалку една година во струката.**

Во член 7 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Неготино (пречистен текст) Су-04 број 30/20-2 од 02.03.2020 година, во табелата за категорија „В“ Стручни судски службеници, во точка 5, како посебен услов прецизиран е потребниот факултет-„правен факултет“ и предвиден е и дополнителен посебен услов „положен правосуден испит“. Во колоната „работно искуство“ е наведено, исто како во членот 11 од Законот, само „ **работно искуство во струката од најмалку една година“**. Дополнителен посебен услов како работно искуство од

најмалку една година во струката ПО положен правосуден испит, НЕ Е предвиден во Правилникот, а кое нешто се бара за судските службеници од „Б" категорија.

Со горенаведените важечки законски и подзаконски прописи, јасно и конкретно се пропишани посебните услови за работното место „судски соработник категорија В ниво 3" и тоа се: **1.** во делот стручни квалификации: најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен на правен факултет; **2.** *во делот работно искуство:* ***работно искуство од најмалку една година во струката*** и **3.** во делот посебни работни компетенци: активно познавање на еден странски јазик и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење. Други посебни работни компетенци за ова работно место не се утврдени со актот за систематизација на ОС Неготино.

Врз основа на вака предвидените посебни услови е и распишан предметниот јавен оглас број 2/20 и таксативно се наведени посебните услови потребни за работното место „судски соработник категорија В ниво 3".

Сите тројца кандидати имаат положен правосуден испит, за чие полагање се бара работно искуство на правни работи од една, односно две години, па јасно произлегува дека штом секој од кандидатите има положен правосуден испит, го има и потребното работно искуство за предметното работно место од најмалку една година работно искуство во струката.

Па така, кандидатот под шифра 20200204-Илија Јованов, според новата административна селекција е оценет како **кандидат кој ги исполнува општите и посебните услови** и кој има вкупно 18,65 бодови од кои: 11,65 бодови од образование со примена на член 8 и член 9 од Правилникот и рангот на факултетот каде има завршено правен факултет според последната објавена официјална ранг листа на високообразовни установи во државата, (според истата факултетот „ФОН" е на деветта позиција); за работно искуство 2 бода и тоа: прифатено е само законски пропишаниот минимум, имајќи предвид дека кандидатот има положен правосуден испит, а со тоа дека мора да има и минимум работно искуство од една година во струката (како работа на правни работи), но правилно не е прифатена потврдата од адвокат Надица Фундуки од Неготино, со оглед дека согласно одредбите од Законот за адвокатура, е потребно за работно искуство кај адвокат да адвокатскиот соработник биде запишан со Имeникот на адвокатски соработници при Адвокатската комора за да се смета за веродостојно работнто искуство за кое адвокатот дава потврда, во спротивно, секој адвокат може да издава потврди за работно искуство, без можност за потврда на нивната веродостојност. Останатото работно искуство на кандидатот е во овој суд на работно место од „Г" категорија и не е работно искуство на правни работи. За познавање на работа со компјутерски програми за канцелариското работење кандидатот ги има добиено во максималниот број. По бодовите од стручниот испит од 14/12/2020 година - 25 бода, од испитот за странски јазик од 14/12/2020 година 14,5 бода и интервјуто од 14/12/2020 година 20 бода, овој кандидат со вкупни бодови 78,15 е трет на конечната ранг листа. (Кандидатот во својата пријава има наведено работно искуство во струката од 4 години и 4 месеци, но работото искуство во струката правник на кандидатот е утврдено врз основа на доказите кон пријавата.)

Кандидатот со шифра 20200208 - избраниот кандидат Гордана Петровска (претходно Ристова), според новата административна селекција е оценет како кандидат кој ги исполнува општите и посебните услови и кој има вкупно 23,58 бодови од кои: 16,58 бодови од образование со примена на член 8 и член 9 од Правилникот и рангот на факултетот каде има завршено правен

факултет според последната објавена официјална ранг листа на високообразовни установи во државата, (според истата факултетот „Свети Кирил и Методиј“ е на прва позиција); за работно искуство 2 бода и тоа: има **работно искуство на правни работи и тоа една година кај адвокат Илија Илиевски од Кавадарци сметано од 18.09.2018 година и 18.09.2019 година, видно од потврдата на Адвокатската комора издадено на 10.11.2020 година,** (овој кандидат има и работно искуство со работа на правни работи кај адвокат Леонард Кузев од Кавадарци во период од 04.02.2020 година до 30.09.2020 година, а од 01.10.2020 година до огласот е ангажирана на извршување на работни задачи на судски соработник во Основен суд Неготино согласно Законот за трансформација во редовен работен однос). И за познавање на работа со компјутерски програми за канцелариското работење кандидатот ги има добиено максималниот број бодови. По бодовите од стручниот испит од 14/12/2020 година -24,5 бода, од испитот за странски јазик од 14/12/2020 година 15 бода и интервјуто од 14/12/2020 година 20 бода, овој кандидат со вкупно бодови 82,83 е прв на конечната ранг листа.

И кандидатот со шифра 20200209 - Анита Л.Вулиќ, според новата административна селекција е оценет како кандидат кој ги исполнува општите и посебните услови и кој има вкупно 21,50 бодови од кои: 14,00 бодови од образование со примена на член 8 и член 9 од Правилникот и рангот на факултетот каде има завршено правен факултет според последната објавена официјална ранг листа на високообразовни установи во државата; за работно искуство 2,5 бода и тоа: волонтирала во Основен суд Неготино на правни работи во период од 01.06.2005 година заклучно со 02.12.2007 година и **затоа од Комисијата е оценето дека го исполнила условот за работно искуство најмалку 1 година во струката како правник,** од 03.12.2007 година истата е вработена во Основен суд Неготино како „Самостоен судски референт-Технички секретар на Претседателот на судот“, кое е **работно место од категорија „Г“**, за кое се бара средно или више образование (без оглед на струката) и на кое работно место, истата, **почнувајќи од 03.12.2007 година извршува административни работи. Правосудниот испит го положила на *ден 10.12.2009 година*. По полагањето на правосудниот испит продолжила да работи на истото работно место „Самостоен судски референт-Технички секретар на Претседателот на судот“ и сеуште работи на истото место, што значи дека таа во рамки на своите работни задачи не работи на правни, туку на административни работи, (член 24 од Правилникот).** На овој судски службеник од 02/07/2018 година, на истото работно место од „Г“ категорија му се признати и му се плаќаат бодови за високо образование, но тоа што тоа му се плаќаат бодовите за високо образование, не значи дека стекнува работно искуство на правни работи, бидејќи работните задачи остануваат според работно место кое го работи, а тоа е технички секретар на претседателот на судот категорија „Г-1“. Во насока дека Законот не прифаќа работно искуство на судски службеници од „Г“ категорија да се признае за работно искуство на правни работи за „В“ категорија, јасно произлегува и од одредбите на Законот за судска служба за унапредување, според кои е можно унапредување само во рамки на секоја категорија поединечно, (со исклучок од В во Б, бидејќи и двете категории опфаќаат работа на правни работи). За познавање на работа со компјутерски програми за канцелариското работење кандидатот ги има добиено во максималниот број. По бодовите од стручниот испит од 14/12/2020 година -25 бода, од испитот за странски јазик од 14/12/2020 година 15 бода и интервјуто од 14/12/2020 година 20 бода, овој кандидат со вкупно бодови 81,50 е втор на конечната ранг листа. (Кандидатот во својата пријава има наведено работно искуство во струката од 12 години и 10 месеци, но работото искуство во струката

правник на кандидатот е утврдено врз основа на доказите кон пријавата).

Претседателот на судот при повторното постапување, утврди дека Комисијата за селекција доследно постапила по насоките од решенијата на Советот за судска служба од 16/03/2021 година, со тоа што ценела и оценила дека сите тројца кандидати ги исполнуваат сите општи и посебни услови како што се таксативно наведени во огласот, направила нова административна селекција според состојба на ден на завршување на оглас, со која има промена во бодовите кај сите кандидати од селекција од 10/12/2020 година (кај кандидатите Гордана Петровска и Илија Јованов има намалување на бодовите, а кај кандидатот Анита Л.Вулиќ зголемување), па според укажувањата од Советот на судска служба дека е правилно да може да се повторуваат само поединечни фази од постапката пред Комисијата, прифатила и врз основа на веќе објавените резултати од полагањето на стручниот испит, странскиот јазик и интервјуто, сите од 14/12/2020 година, правилно ги утврдила вкупните бодови за секој од кандидатите и навремено, доставила Предлог до Претседателот на судот за најдобро рангираниот кандидат.

Претседателот на судот, по приемот на Предлогот, ги ценеше утврдените незаконитости во решенијата ССС број 48/21 и ССС број 49/21, двете од 16/03/2021 година и дадените насоки од страна на Советот на судска служба за постапувањето на Комисијата, посебно ги ценеше цитираните одредби од Законот за судска служба и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на ОС Неготино во решенијата, па констатира дека *Комисијата за селекција во повторната административна селекција ценела дали кандидатите ги исполнуваат сите посебни и општи услови и оценила дека ги исполнуваат* затоа што секој од кандидатите има завршен правен факултет, положен правосуден испит и најмалку една година работно искуство во струката правник, кое нешто конкретно и подинечно е погореобразложено за секој кандидат посебно. Потоа, во пресметувањето на бодовите Комисијата направила корекции кај сите тројца кандидати и се задржала на повторување само на фазата административна селекција и само ги додала бодовите од стручниот испит, испитот за странски јазик и интервјуто, сите од 14/12/2020 година, со што се добила ранг листата по која кандидат со најголем број на бодови е повторно кандидатот Гордана Петровска.

Врз основа на вака повторената постапка, со постапување по сите насоки од Советот на судска служба, Претседателот на судот по Предлог за избор на најдобриот кандидат, донесе Одлука за избор како во диспозиитивот.

При ова повторно постапување, иако во насоките од Советот на судска служба се цитирааат одредбите од членот 11 од Законот за судска служба и членот 7 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на ОС Неготино, па како само се наведува дека треба да се цени дали сите кандидати ги исполнуваат сите општи и посебни услови за работното место „судски соработник В3", без конкретно да се наведе кој општ или посебен услов кој од кандидатите не го исполнува, но со оглед дека се уважува жалба со жалбени наводи дека кандидатот Гордана Ристова не го исполнува потребниот услов за работно искуство од една година во струката по положен правосуден испит, **сметам за потребно да појаснам дека предметниот оглас е за работно место од „В" категорија, а не за работно место од „Б" категорија**, како и дека ниту еден кандидат нема работно искуство **во струката ПО** положен правосуден испит.

Имено, за предметното работно место посебните услови, како што е

погоре објаснето, се таксативно, конкретно и јасно наведени во членот 11 од Законот за судска служба и членот 7 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на ОС Неготино. Додека пак, *во членот 10 од Законот за судска служба, за категоријата* **„Б“ раководни судски службеници**, во основниот текст на законот било предвидено само работно искуство во струката, меѓутоа, законодавецот интервенирал за оваа категорија на раководни судски службеници со Измена на Законот во 2018 година („Сл.весник бр.198/18“), па предвидел **работно искуство во струката <u>по положен правосуден испит</u>**.

**Доколку сметал за потребно, законодавецот со истата измена тоа ќе го предвидел и за судските службеници од категоријата „В“. Членот 11 од Законот за судска служба треба доследно да се применува како што е законското решение кое е во сила во овој момент, односно во моментот на распишување на јавниот оглас од 04/11/2020 година. Не може да се претпостави дека работно искуство кое е предвидено за хиерархиски повисоко место во скалата на судски службеници некако треба да важи и за пониското место во скалата. За сите нивоа „В1“, „В2“ и „В3“ законот предвидел само работно искуство во струката, а не работно искуство во струката по положен правосуден испит.** Ако било потребно ваков вид на работно искуство во струката по положен правосуден испит, тоа ќе било и напишано јасно и конкретно во самата законска одредба, како што е напишано во членот 10 од истиот закон.

Секое друго широко толкување на членот 11 од Законот за судска служба е ***незаконско и спротивно на начелото на правна сигурност.***

Основен суд Неготино на ден 22/04/2021 година.

**Основен суд Неготино**
**Претседател на судот,**
Билјана Толова

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена
од денот на приемот на одлуката до Советот на судска служба преку овој суд.

**Доставено до:**
-сите кандидати на огласот под точка 1
-архива